Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

# Структура на вработените во аудио и аудиовизуелната медиумска индустрија во 2023 година

# Содржина

- Структура на вработените во индустријата
- Структура на вработените во Македонската радиотелевизија (МРТ)
- Структура на вработените во комерцијалните телевизии
- Структура на вработените во комерцијалните радиостаници

# Структура на вработените во индустријата

| Кадар | Вкупен број | Образование | | | Статус | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ВСС | ССС | друго | редовен работен однос | хонорарно ангажирани |
| Новинари | 753 | 587 | 132 | 1 | 551 | 202 |
| Уредници | 182 | 154 | 26 | 2 | 162 | 20 |
| Управители/директори | 77 | 49 | 28 | 0 | 67 | 10 |
| Технички кадар (инженери и техничари) | 278 | 74 | 188 | 6 | 237 | 41 |
| Реализаторски кадар (режисери, сниматели, монтажери и др.) | 611 | 151 | 429 | 6 | 524 | 87 |
| Маркетинг | 69 | 49 | 20 | 0 | 40 | 29 |
| Преостанат кадар | 233 | 100 | 130 | 3 | 136 | 97 |
| **Вкупно** | **2.203** | **1.164** | **953** | **18** | **1.717** | **486** |

Во 2023 година во целата индустрија биле вработени вкупно 2.203 лица, од кои 1.717 биле во редовен работен однос, а 486 биле ангажирани хонорарно.

Во споредба со 2022 година, бројот на редовно вработените се намалил за 22 лица кај јавниот сервис (МРТ) и за шест лица кај комерцијалните телевизии, а се зголемил кај комерцијалните радија, и тоа за 21 лице.

Освен редовно вработените, кај комерцијалните телевизии се намалил и бројот на лицата со хонорарен ангажман – за 55 лица. Во јавниот сервис биле ангажирани девет хонорарци повеќе отколку во 2022 година, а во комерцијалните радија 40 помалку.

| | МРТ | | ТВ | | РА | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2022 | 2023 | 2022 | 2023 | 2022 | 2023 |
| редовен работен однос | 588 | 566 | 961 | 955 | 175 | 196 |
| хонорарно ангажирани | 59 | 68 | 332 | 277 | 181 | 141 |

34 % од вработените во индустријата во 2023 година биле новинари, а позначајно учество во структурата на вработените имал и реализаторскиот кадар (28 %), односно режисерите, снимателите и монтажерите.




Од вкупно 2.203 вработени, 634 лица биле вработени во МРТ, а 1.569 во комерцијалните радиодифузери (1.232 во телевизиите и 337 во радиостаниците).

Најголем дел од вработените (1.164 лица) имале високо образование (ВСС)*. Половина од овие лица биле ангажирани како новинари (587 лица).

Средно образование (ССС) имале 953 лица, а најголемо учество кај нив имал реализаторскиот кадар. Поточно, како режисери сниматели и монтажери работеле 429 лица, што претставува 45 % од лицата со ССС. Друго образование имале 18 лица.

40 % од вработените во целата индустрија биле жени (876 лица), а 60 % биле мажи (1.327 лица).




Половина од жените работеле како новинарки (444 лица), а најмногу мажи биле вработени како реализаторски кадар (493 лица).

Значително поголема застапеност на мажите во однос на жените имало кај реализаторите (375 мажи повеќе од жени) и кај техничкиот кадар (196 мажи повеќе од жени).

| | **број на вработени** | **учество** |
|---|---|---|
| Македонци | 1.606 | 73% |
| Албанци | 463 | 21% |
| Турци | 46 | 2% |
| Срби | 36 | 2% |
| Бошњаци | 23 | 1% |
| Роми | 18 | 1% |
| Власи | 7 | 0% |
| Останато | 4 | 0% |
| **Вкупно** | **2.203** | **100%** |

73 % од вработените биле Македонци, а 21 % биле Албанци. Од други националности имало и Турци, Срби (по 2 %), Бошњаци и Роми (по 1 %).

*Агенцијата не располага со подотоци за степенот на образование на хонорарно ангажираните лица (вкупно 68) во МРТ

# Структура на вработените во Македонската радио-телевизија (МРТ)

| Кадар | Вкупен број | Образование | | | Статус | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ВСС | ССС | друго | редовен работен однос | хонорарно ангажирани |
| Новинари | 240 | 161 | 46 | 0 | 207 | 33 |
| Уредници | 65 | 65 | 0 | 0 | 65 | 0 |
| Управители/директори | 3 | 3 | 0 | 0 | 3 | 0 |
| Технички кадар (инженери и техничари) | 97 | 21 | 65 | 1 | 87 | 10 |
| Реализаторски кадар (режисери, сниматели, монтажери и др.) | 214 | 60 | 124 | 5 | 189 | 25 |
| Маркетинг | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Преостанат кадар | 15 | 5 | 10 | 0 | 15 | 0 |
| **Вкупно** | **634** | **315** | **245** | **6** | **566** | **68** |

Во 2023 година бројот на вработени во јавниот радиодифузен сервис изнесувал 634 лица - 13 помалку од претходната година. Од нив, 483 лица биле вработени во Македонската телевизија (428 во редовен работен однос и 55 хонорарци) и 151 лице во Македонското радио (138 во редовен работен однос и 13 хонорарци).




Споредено со 2022 година, бројот на редовно вработените лица во МТВ во 2023 година се намалил за 10, а во МРА за 12 лица.

Најголем број од вработените во јавниот сервис биле новинари – 240 лица, од кои 61 % биле жени.

Втор најброен кадар бил реализаторскиот, кој броел вкупно 214 лица. 72 % од лицата во оваа категорија вработени биле мажи. Односно, како режисери, сниматели, монтажери и друг реализаторски кадар биле ангажирани 94 мажи повеќе од жени.



Од лицата во редовен работен однос, 315 биле со високо образование, 245 имале средно образование, а шест биле со друго образование.




Најбројни со високо образование биле новинарите, додека најголем дел од лицата со завршено средно образование биле вработени како реализатори. Поточно, имало 3,5 пати повеќе новинари со ВСС отколку со ССС и двојно повеќе реализатори со ССС отколку со ВСС.

65 % од вработените биле од македонска националност, а 25 % од албанска. Другите 10 % биле Турци, Срби, Роми, Власи и Бошњаци, а две лица биле припадници на други националности.



# Структура на вработените во комерцијалните телевизии

| Кадар | Вкупен број | Образование | | | Статус | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ВСС | ССС | друго | редовен работен однос | хонорарно ангажирани |
| Новинари | 377 | 319 | 58 | 0 | 276 | 101 |
| Уредници | 74 | 62 | 12 | 0 | 62 | 12 |
| Управители/директори | 37 | 30 | 7 | 0 | 34 | 3 |
| Технички кадар (инженери и техничари) | 136 | 40 | 94 | 2 | 116 | 20 |
| Реализаторски кадар (режисери, сниматели, монтажери и др.) | 367 | 85 | 282 | 0 | 316 | 51 |
| Маркетинг | 52 | 37 | 15 | 0 | 35 | 17 |
| Преостанат кадар | 189 | 73 | 114 | 2 | 116 | 73 |
| **Вкупно** | **1.232** | **646** | **582** | **4** | **955** | **277** |

Во комерцијалните телевизии работеле 1.232 лица, од кои 961 во телевизиите на државно ниво, 179 во регионалните и 92 во локалните телевизии.




Во однос на претходната година се намалил и бројот на редовно вработени (за шест лица) и бројот на хонорарци (за 55 лица). Поточно, бројот на вработените во редовен работен однос се намалил за 17 лица кај телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс и за едно лице кај телевизиите на регионално ниво, а се зголемил за 12 лица кај локалните телевизии. Кај терестријалните телевизии на државно ниво останал ист.

За разлика од нив, бројот на лицата со хонорарен ангажман се намалил во сите сегменти, и тоа: за девет лица кај терестријалните телевизии на државно ниво, за шест лица кај кабелските и сателитските телевизии на државно ниво, за 18 лица кај регионалните и за 22 лица кај локалните телевизии.

60 % од вработените биле ангажирани како новинари и реализатори.

Вкупно 281 новинар биле вработени во телевизиите кои емитуваат на државно ниво, 58 во регионалните и 38 во локалните телевизии.

Од 367 лица коишто го сочинувале реализаторскиот кадар, 311 работеле во телевизиите на државно ниво, 43 во регионалните и 13 во локалните.




Во телевизиите биле вработени 334 повеќе мажи од жени. Односно, вкупниот број мажи изнесувал 783 лица, а вкупниот број жени 449 лица.




Најголем број мажи биле ангажирани како реализатори (314 лица), а најголем број жени работеле како новинарки (215 лица).

Со високо образование биле 52 % од вработените (646 лица). Речиси половина од нив (319 лица) биле ангажирани како новинари.




64 лица помалку, односно вкупно 582 лица биле со завршено средно, а само четири лица имале друг степен на образование. Најголем дел од вработените со ССС биле режисери, снимател, монтажери и друг реализаторски кадар.

Што се однесува до етничката припадност на вработените, 906 биле Македонци, 269 биле Албанци, 19 Бошњаци, по 13 Турци и Срби, девет Роми, еден Влав и двајца од други националности.

Најголем дел од Македонците (289 лица) работеле како новинари. На оваа работна позиција биле ангажирани 77 лица од албанска националност, а исто толку биле вработени и како реализатори.

| | број на вработени | учество |
|---|---|---|
| Македонци | 906 | 73 % |
| Албанци | 269 | 22 % |
| Бошњаци | 19 | 2 % |
| Турци | 13 | 1 % |
| Срби | 13 | 1 % |
| Роми | 9 | 1 % |
| Власи | 1 | 0 % |
| Останато | 2 | 0 % |
| **Вкупно** | **1.232** | **100%** |

# Структура на вработените во комерцијалните радиостаници

| Кадар | Вкупен број | Образование | | | Статус | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ВСС | ССС | друго | редовен работен однос | хонорарно ангажирани |
| Новинари | 136 | 107 | 28 | 1 | 68 | 68 |
| Уредници | 43 | 27 | 14 | 2 | 35 | 8 |
| Управители/директори | 37 | 16 | 21 | 0 | 30 | 7 |
| Технички кадар (инженери и техничари) | 45 | 13 | 29 | 3 | 34 | 11 |
| Реализаторски кадар (режисери, сниматели, монтажери и др.) | 30 | 6 | 23 | 1 | 19 | 11 |
| Маркетинг | 17 | 12 | 5 | 0 | 5 | 12 |
| Преостанат кадар | 29 | 22 | 6 | 1 | 5 | 24 |
| **Вкупно** | **337** | **203** | **126** | **8** | **196** | **141** |

На 31.12.2023 година вкупниот број работени во комерцијалните радиостаници изнесувал 337 лица – 196 во редовен работен однос и 141 хонорарно ангажирани.

Во четирите радиостаници кои емитуваат програма на државно ниво биле ангажирани 77 лица (12 лица повеќе отколку во 2022 година), во регионалните радиостаници имало 121 лице (две лица повеќе отколку во 2022 година), а во локалните радиостаници 139 лица (33 лица помалку отколку во 2022 година).




Бројот на редовно вработени кај државните радија бил двојно повисок од бројот на хонорарци, кај регионалните радија имало речиси исто вработени во редовен работен однос и хонорарци, а кај локалните радија имало 27 хонорарци повеќе отколку редовно вработени.

40 % од вработените во радискиот сектор биле новинари. Уредниците и техничкиот кадар учествувале со по 13 % во структурата на вработените, управителите со 11 %, реализаторскиот и преостанатиот кадар со по 9 % и секторот маркетинг со 5 %.




Од новинарите како најброен кадар, 30 лица биле ангажирани во радиостаниците кои емитуваат програма на државно ниво, 46 лица во регионалните и 60 лица во локалните радиостаници.

Во сите радија заедно биле вработени 197 мажи и 140 жени. Кај националните и кај локалните радија имало по 13 мажи повеќе од жени, а кај регионалните радија мажите биле побројни од жените за 31 лице.

Од аспект на работното место на кое биле ангажирани, жените биле побројни од мажите кај новинарите (за 28 лица), уредниците (за три лица) и во категоријата „маркетинг“ (за три лица).



Според степенот на завршено образование, најбројни биле лицата со високо образование (60 %), од кои повеќе од половината работеле како новинари.

| ВСС | ССС |
| --- | --- |
| Вкупно - 203<br>Новинари - 107 | Вкупно – 126<br>Технички кадар - 29 |

Најбројни меѓу вработените со средно образование биле лицата кои го сочинуваат техничкиот кадар, односно лицата вработени како инженери и техничари. На ова работно место биле вработени 29 лица, а едно помалку, односно 28 лица работеле како новинари.

Со друго образование во комерцијалните радија биле вработени осум лица.

Најголем број од вработените биле од македонска националност - 286 лица.

Од други националности биле ангажирани Албанци, Турци, Срби и Роми, но нивниот број бил значително мал - вкупно 51 лице. Од нив, по 19 работеле во радијата на државно ниво и во локалните радија, а 13 биле вработени во регионалните радија.

| | број на вработени | учество |
| --- | --- | --- |
| Македонци | 286 | 85 % |
| Албанци | 37 | 11 % |
| Турци | 6 | 2 % |
| Срби | 5 | 1 % |
| Роми | 3 | 1 % |
| **Вкупно** | **337** | **100%** |

Структура на вработените во аудио и аудиовизуелната медиумска индустрија во 2023 година

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
Палата Панко  Брашнаров, ул. „Македонија“ бр. 38, 1000 Скопје
Тел. 02/3103-400
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**директор,**

______________________________

**д-р Зоран Трајчевски**